Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

# ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, март 2024 година**

## 1. СТАТУС, СОСТАВ И НАДЛЕЖНОСТ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ

Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност е основан согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21).

Конститутивната седница се одржана на 10.06.2021 година.

Националниот совет е самостоен стручен орган којшто се формирал заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија.

Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија од кои: 12 членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во државата, од кои половина се избираат на предлог на Интеруниверзитетската конференција, а втората половина се на предлог на Владата на Република Северна Македонија, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација; еден член е на предлог на МАНУ, еден член од деловната заедница и еден член од редот на студентите на предлог на Интеруниверзитетската конференција. Мандатот на членовите е 4 години без право на повторен избор, а на студентот мандатот изнесува две години без право на повторен избор.

Во рамките на своите надлежности, Националниот совет е самостоен во својата работа и одлучува врз основа на принципот на стручност и компетентност: го следи развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието и Владата на Република Северна Македонија со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност; ја изготвува и со согласност на министерот надлежен за работите на високото образование ја предлага за усвојување Националната програма за високото образование до Собранието на Република Северна Македонија; донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност во согласност со овој закон; донесува Правилник за

содржината на студиските програми во согласност со овој закон; предлага Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија; предлага Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија; на предлог на Одборот за акредитација, донесува Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми; на предлог на Одборот за евалуација на високото образование донесува Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација; предлага матична комисија за основање на самостојна високообразовна установа; предлага уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија; донесува Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи, во согласност со закон; донесува Правилник за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот; донесува четиригодишна и годишна програма за работа; донесува Деловник за работа; предлага до Собранието на Република Македонија разрешување на член на Националниот совет кој подолго од шест месеци не ги извршува надлежностите утврдени со закон и со другите пропис; утврдува електронски бази на списанија и области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации; утврдува листа на релевантни домашни и меѓународни настани на кои уметничките изведби се земаат предвид при акредитација на ментори; предлага уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната Фраскатиева класификација, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија; го следи развојот на научно-истражувачката дејност и нејзината усогласеност со европските и меѓународните трендови за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието и Владата на Република Северна Македонија со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност; ја изготвува и со согласност на министерот надлежен за работите на високото образование ја предлага за усвојување Националната програма за научно-истражувачка дејност до Собранието на Република Северна Македонија; предлага до Владата на Република Северна Македонија приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој; дава предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна

соработка; донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност; предлага уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија; предлага најмалку една база на трудови до која министерството надлежно за работите од високото образование обезбедува пристап на наставниците и соработниците избрани на јавните универзитети и извршува други работи согласно закон.

Стручните, административните и помошно-техничките работи за потребите на Националниот совет ги врши Министерството за образование и наука.

## 2. ЦЕЛНА ГРУПА

Спроведувањето на Планот за процена на ризици и мерки за спречување на корупцијата за 2024 година се однесува на претседателот и членовите на Националниот совет.

## 3. ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во август 2021 година, Националниот совет донесе Етички кодекс со којшто се регулираат принципите на однесување на неговите членови.

Членовите на Националниот совет се согласни дека етичкото однесување треба да произлегува од личната посветеност на основните начела и од желбата секогаш да се настапува со морален интегритет.

Етичкиот кодекс е донсен со цел да придонесе за поголема правичност во работата и поставување на високо морална работна култура. Помеѓу обврските на членовите на Националниот совет се и следниве:

- должност за почитување и постапување на членовите на Советот, согласно со позитивните законски и други прописи,

- одбегнување на судир на интереси и пријавување на евентуален судир на интереси, како и
- отфрлање на било какви политички влијанија или притисоци од државни органи или други надворешни институции.

## 4. ПРАВНА РАМКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

За целите на политиките за спречување на корупцијата и соодветна имплементација на овој Годишен план потребно е да се имаат предвид релевантните поими во однос на корупцијата и судирот на интересите пропишани во позитивното законодавство на нашата држава.

Правилното толкување и интерпретација на релевантните поими треба да се врши врз основа на одредбите содржани во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 12/2009 од 19.01.2019 година).

Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите.

Во оваа смисла под *корупција*, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција во зависност од тоа дали службеното лице бара и прима корист или дејствува врз основа на нечие ветување и давање корист, па оттука овој поим опфаќа два облика на корупција:

- *пасивна корупција* – којашто претставува намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски; односно
- *активна корупција* - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице,

за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

За разлика од корупцијата, под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Корупцијата и судирот на надлежноста се однесувања односно состојби коишто директно го атакуваат начелото на интергитет. Постои законска обврска секој во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес, а во вршењето на својата функција службеното лице е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

## 5. РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

За успешно имплементирање на Планот особено е важно да нема дилеми во однос на тоа што претставуваат ризици од корупција. Притоа, потребно е да се имаат предвид одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, каде што под поимот „ризик од корупција“ се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна *слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција* во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува следниве прашања:

- судир на интереси,
- неспоивост на функции,

- примање подароци и други нелегални плаќања,
- лобирање,
- недостаток на систем за заштита на укажувачи,
- измами,
- несоодветно користење на овластувањата,
- дискрециони овластувања,
- тргување или недозволено користење на информации,
- транспарентност на постапки и документи и
- други прашања од значење за интегритетот.

## 6. НЕСПОЈЛИВОСТ НА ФУНКЦИИ

Согласно Законот за високото образование, за член на Националниот совет водење сметка за неспојливоста на функцијата член на Национален совет не може да биде лице што е избрано за следниве функции:

- Ректор или Проректор
- Претседател на Сенат на универзитет,
- Декан или Продекан на факултет,
- Директор на висока стручна школа,
- Директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност,
- Член на Одборот за акредитација или
- Член на Одборот за евалуација.

Доколку член на Националниот совет во текот на мандатот биде избран на некоја од наведените функции, должен е веднаш да го извести Националниот совет, при што се констатира престанок на мандатот на членот на Националниот совет.

## 7. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Планот за процена на ризиците од корупцијата опфаќа повеќе аспекти и има за цел да ги детектира слабостите во процесите за остварување на законски пропишаните надлежности.

Нагласена е превентивната улога на Планот од којшто првенствено се очекува да придонесе за навремено идентификување, превенирање и спречување на ризици од коруптивно однесување, но и за соодветна реакција во ситуации кои создаваат ризик од судир на интерес. Интегритетот во сите ситуации на судир на интерес треба да се имплементира како коректив кон којшто ќе се прилагоди однесувањето, постапувањето и одлучувањето.

Целите на Планот се остваруваат преку етичкото однесување, како еден од пристапите кој овозможува професионалност и одбегнување на ризиците од какво било коруптивно однесување, но воедно овозможува да не изостане реакција во ситуации коишто покренуваат дилеми поврзани со судирот на интереси.

Овој План има за цел дополнително да го нагласи значењето на круцијалните принципи во работата, однесувањето и постапувањето, а кои се однесуваат на чесност, пристојност, самостојност и независност, коишто како целина несомнено придонесуваат за унапредување на сопствените морални вредности

Фаворизирањето, кронизмот и непотизмот се аспекти поврзани со коруптивно однесување и судир на интерес коишто се голем предизвик со оглед на ограничените ресурси во рамките на високото образование и научно-истражувачката дејност.

Остварување на Планот за процена на ризиците од корупцијата, воедно, има за цел да придонесе за институционалната отпорност на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

## 8. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

### 8.1. Зајакнување на етичкото однесување

Доследното почитување на Етичкиот кодекс усвоен во август 2021 година, останува иманентна потреба и приоритет во работата на Националниот совет.

Потребно е континуирано јакнење на интегритетот на членовите и негување култура на нетолеранција кон корупцијата.

Со цел имплементација на Етичкиот кодекс, се формира Етички одбор согласно одредбите на Етичкиот кодекс. Со цел транспарентност, неопходно е објавување на одлуката за персонален состав на Етичкиот одбор на веб страница на Националниот совет.

Воедно, со цел увид во работата на Одборот, потребно е објавување на веб страница на Националниот совет на Извештаите за работата на Етичкиот одбор по истек на мандатот, тогаш кога имало случаи по кои тие постапувале.

### 8.2. Институционално зајакнување на Националниот совет

Подигнување на свест кај членовите на Националниот совет за ризиците од корупција и состојба на судир на интереси, кои може да се појават особво однос на следниве надлежности што, согласно Законот за високото образование, ги има Националниот совет:

- Состав на матична комисија за основање на самостојна високообразовна установа,
- Предлагање база на трудови до која министерството надлежно за работите од високото образование обезбедува пристап на наставниците и соработниците избрани на јавните универзитети,
- Утврдување листа на релевантни домашни и меѓународни настани на кои уметничките изведби се земаат предвид при акредитација на ментори согласно членот 136 став 8 од Законот за високото образование,

- Предлагањење приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој,
- Давање предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна соработка,
- Предлагање персонален состав на интерни работни тела и комисии што ги формира Националниот совет.

### 8.3. Зајакнување на меѓусекторската соработка

Со оглед на фактот што Националниот совет е задожен за обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност, потребно е да негува односи на меѓусебна соработка со надлежните државни органи во случај на добиена информација или допис за појава на определени ризици од корупција или состојба на судир на интереси во рамките на високото образование и научно-истражувачката дејност.

Притоа треба да се има предвид фактот што Законот за високото образование пропишува обврска сенатите на универзитетите од редот на редовните професори вработени на соодветниот универзитет да изберат овластено лице за прием на пријави на корупција.

### 8.4. Надзор врз спроведувањето на јавните набавки

Јавните набавки се област којашто претставува сериозен ризик за корупција и судир на интереси и на оваа област треба да се посвети особено внимание со цел успешно имплементирање на Планот.

Националниот совет е регистриран во електронскиот систем на јавни набавки согласно обврските што произлегуваат од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21).

Националниот совет донесува план за јавни набавки на годишно ниво во зависност од одобрените средства на соодветната ставка од Буџетот на Република Северна Македонија. Согласно Законот за високото образование стручните, административните и

помошно-техничките работи за потребите на Националниот совет ги врши Министерството за образование и наука и во тој контекст Националниот совет треба да ги користи ресурсите од МОН при спроведување на јавните набавки.

Претседателот и членовите на Националниот совет не смее да вршат какво било влијание врз текот и исходот на постапката за јавна набавка.

При спроведување на јавните набавки мора да се постапува согласно одредбите на Законот за јавните набавки во однос на основните принципи. Имено, уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

## 9. РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Успешната имплементацијата на Планот треба да овозможи остварување на:

- ✓ *Општа цел* – работа и функционирање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност во согласност со Етичкиот кодекс и без случаи на корупција, судир на интереси, кронизам, фаворизирање или непотизам

- ✓ *Посебни цели:*
    - сите постапувања, одлучувања, донесени одлуки и акти и дадени мислења се во согласност со позитивното законодавство,
    - доследно почитување на Етичкиот кодекс за однесување на членовите на Националниот совет,
    - професионално постапување и одлучување во секој сегмент поврзан со активности во рамките на Националниот совет,
    - непристрасност, углед и интегритет кај секој член на Националниот совет,

- водење сметка за неспојливоста на функцијата член на Национален совет со избор за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на висока стручна школа, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Одборот за акредитација или член на Одборот за евалуација,
- извештаи за работата на Националниот совет,
- извештаи од интерни комисии и работни тела формирани од страна на Националниот совет.

Со цел да се провери остварувањето на наведените општа и посебни цели, неопходно е да се наведат Индикатори за остварување на целите односно аспекти преку чие (не)постоење ќе се мониторира работата на Националниот совет во контекст на борбата за спречување на секаков облик на корупција и состојби кои може да создадат ризици од судир на интереси.

Во рамките на Индикаторите за остварување на целите се вбројуваат:

- Отсуство на случаи на корупција во исполнувањето на обврските на Националниот совет
- Пријавување на можен судир на интереси со цел задржување на нивото на интегритет и професионалност
- Барање за изземање од комисии и други работни тела што ги формирал Националниот совет
- Ревизорски извештаи на Државниот завод за ревизија во кои не се констатирани случаи на корупција или судир на интереси.

## 10. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ

Отчетноста и транспарентноста се принципи коишто припаѓаат на поширокиот концепт на доброто управување. Нивното почитување и зајакнување е еден од модусите за институционално зајакнување на Националниот совет. Редовноти објавување и ажурирање на донесени одлуки, акти и нивни измени и дополнувања на веб страницата на Националниот совет овозможува увид на јавноста во работата на Националниот совет и следење на неговата работа.

Во контекст на навремено информирање на јавноста, потребно е да продолжи ажурирање на податоците во однос на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет.

Претстава за работата на Националниот совет во најголема мера се добива и преку објавување на извештаи во однос на својата работа, а доколку постојат извештаи што се однесуваат на Националниот совет објавени од други државни органи како на пример, Државниот завод за ревизија, и тие ќе бидат објавени на веб страницата на Националниот совет.

Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

# ПЛАН СО МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

| Реден број | Мерка | Активност | Релевантна законска рамка | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Зајакнување на етичкото однесување | 1. Почитување на Етичкиот кодекс<br>2. Формирање Етички одбор<br>2. Етичкиот одбор постапува по примени пријави<br>3. Етичкиот одбор изготвува извештај ако имал случаи во кои постапувал | 1.Законот за високото образование<br>2. Законот за научно-истражувачка дејност<br>3. Законот за јавните набавки<br>4. Законите од областа на сметководственото работење во Република Северна Македонија | Отсуство на случаи по кои постапувал Етичкиот одбор |
| 2 | Институционално зајакнување на Националниот совет | Подигање на свеста кај членовите за можните ризици од корупција и од судир на интереси во рамките на надлежностите на Националниот совет | Законот за високото образование | Извршување на наведените надлежности согласно принципите на интегритет и професионалност |
| 3 | Неспојливост на функции | 1.Известување на Националниот совет за избор на функција која е неспојлива со членство во Националниот совет<br>2. Донесување одлука за престанок на членство во Националниот совет | Законот за високото образование | Членовите на Националниот совет не вршат функција којашто е неспојлива со членувањето во Националниот совет |

Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | **Зајакнување на меѓусекторската соработка** | **Подигање на свеста кај членовите за можните ризици изици од корупција и од судир на интереси во рамките на високото образование и научно-истражувачката дејност** | **Закон за високото образование<br>Законска регулатива од областа на државната ревизија** | **Постапување по добиени дописи и известувања<br><br>Соработка со Државен завод за ревизија** |
| **5** | **Надзор врз спроведувањето на јавните набавки** | **1. Донесување план за јавни набавки<br>2. Спроведување јавни набавки во соработка со службите на МОН** | **Закон за јавните набавки** | **Спроведени јавни набавки согласно законската регулатива во соработка со службите на МОН** |
| **6** | **Зајакнување на отчетност и транспарентност** | **1. Навремено изготвување на програми и извештаи за работа<br>2. Редовно објавување на програми и извештаи за работа на веб страница<br>2. Редовно ажурирање на веб страницата<br>3. Објавување на извештаи на ДЗР** | **Закон за високото образование** | **Изготвени програми и извештаи за работа<br><br>Објавени програми и извештаи за работа<br><br>Објавени извештаи од ДЗР** |

Во Скопје, 28.03.2024

Претседател

Проф. д-р Гордана Лажетиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност
Këshilli kombëtar për arsim të lartë dhe veprimtari shkencore
Бр./Nr. 1410 – 50
04. 04 20 24 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ’’ nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk